**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска**
**Симулацијата на НАТО – самит,**
**во организација на Евроатлантскиот совет на Северна Македонија**
20.12.2022, М6 Едукативен центар - Скопје

Почитуван претседател на Евроатлантскиот совет, Рамадани,

почитувани учесници на деветтата НАТО студентска симулација, и со право ќе речам почитувани идни мои колеги,

Мило ми е што сум денеска овде со вас и ќе можам накусо да ви се обратам и јас ќе продолжам таму каде што г. Рамадани неколку пати спомна и заврши а тоа е дека НАТО е можност. Вчера зборував пред една од коморите, претставници на една од стопанските комори каде што кажав дека НАТО е безбедност но меѓутоа НАТО преставува и економска шанса, а сега пред вас ќе кажам и дека НАТО е безбедност но НАТО преставува огромна шанса и за сите вас.

Кога зборуваме за НАТО – Алијансата, речиси секогаш нашите пораки се – зацврстена стабилност, втемелена безбедност, и сигурност на секоја педа НАТО територија. И тоа е најважниот сегмент од нашите животи – да бидеме безбедни, стабилни и сигурни.

Но, НАТО е многу повеќе од тоа. НАТО е политичко – воена Алијанса на земји чии лидерства и граѓани имаат и делат исти цели, исти вредности, исти принципи. Сите ние, 30-те сојузници здружени и обединети во една Алијанса веруваме во демократијата, слободата, еднаквоста и тоа не се само флоскули – тоа е збир на суштински принципи кои го обликуваат нашето живеење.

Воената моќ, иако највидлива, не е наша цел сама по себе. Воената моќ е важна алатка која ни помага да ја постигнеме целта – да го заштитиме она што сме, да го заштитиме нашиот живот и нашите слободи.

Денешната безбедносна реалност ја покажува важноста на Алијансата и сето она што таа го претставува, затоа треба јасно да укажеме на фактот дека има суштинска разлика помеѓу НАТО и оние кои се обидуваат да внесат немир и раздор. Тоа се оние кои во Европа, лулката на демократијата, во 21-от век донесоа уништувања и човечки страдања; оние кои за жал посегнаа по оружјето обидувајќи се да приграбат нешто што не е нивно, прекршувајќи ги сите норми и принципи на воспоставениот меѓународен поредок.

И токму односот на секој еден од нас кон еден човечки живот и кон современите демократски вредности е таа наша најголема разлика. Алијансата и во однос на руската агресија врз Украина имаше одговорен и умерен пристап, особено имајќи ја предвид глобалната безбедност и

потенцијалот овој конфликт да добие драстично поголеми размери. За разлика од непромисленоста на Русија, НАТО покажа дека има повисоки цели, а нема нешто што е поважно од мирен и безбеден свет.

Одлуките кои ги донесовме на Самитот во Мадрид се толку значајни што ќе влијаат на Алијансата во декадата која е пред нас. Таква одлука е донесувањето на новиот Стратешки концепт на НАТО кој е многу повеќе од еден обичен документ. Тој е уште една потврда за тоа кои сме, кои се нашите вредности, кои се нашите определби и што е нашата главна заложба. Алијансата ниту посакува конфликт, ниту е закана за која било земја. Заеднички укажавме на загрижувачката реалност дека Руската агресија врз Украина ги разнишува столбовите на безбедноста во Европа и истовремено потврдивме и ќе потврдиме и во иднина дека сме подготвени да ја браниме секоја педа НАТО територија.

Стратешкиот концепт укажува на тоа дека авторитарните режими ќе се обидат да ги предизвикуваат нашите интереси и вредности и ќе се обидат да ги поткопаат нашите демократски процеси и институции, особено како што и почитуваниот Рамадани кажа преку хибридни и сајбер закани, вклучувајќи ги особено и дезинформациите, со што постојано на тест ја ставаат нашата општествена и колективна отпорност.

Но, уште поважно, овој документ покажа три суштинско значајни работи: обединетост, сплотеност и одлучност на сојузниците како никогаш досега! Ако нешто не и успеа на Русија тоа е да го подели НАТО, напротив денеска сме уште посилни и уште пообединети.

Заеднички сме целосно и бескомпромисно фокусирани на одбраната и одвраќањето на сите потенцијални закани, на превенирањето и менаџирањето на кризите и на кооперативната безбедност, координирајќи се во еден глас со сите земји и организации кои ги споделуваат нашите вредности и нашата визија за свет базиран на правила.

Всушност една од одлуките која го зацврстува концептот на одбрана и одвраќање е креирањето на четири дополнителни борбени групи во Бугарија, Романија, Унгарија и Словачка, кои заедно со борбените групи во Полска и на Балтикот се приказ дека одлучноста за одбрана не постои само во нашите дискусии и нашите стратешки документи, туку и во реалноста.

Со гордост кажувам дека Република Северна Македонија како последна која и се приклучи на НАТО Алијансата учествува покрај во борбената група во Латвија и во Бугарија и Романија. Мали сме ама на секој можен начин допринесуваме за нашата безбедност но и а нашата колективна безбедност, тоа е цврст аргумент за нашата посветеност кон НАТО и кон она што го делиме заедно.

Како што реков и на почетокот почитувани идни мои колеги, демократските вредности и слободи се толку многу втемелени во нашето секојдневие, што едноставно мислиме дека не

можеме да ги изгубиме. Но, тие се кревки. Затоа, треба повторно и повторно да укажуваме дека борбата за демократијата, слобода, еднаквост и правда никогаш не запира.

Бидете гласни за вашите вредности, бидете гласни за сето она што Алијансата го штити и ги штити нашите животи, зашто токму во сите вас тука го гледаме и слушаме гласот на НАТО, гласот на евроатлантските вредности.

Ви посакувам успешна симулација на НАТО Самит и се разбира многу успех и понатаму.